Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 108, 2 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакогенетика и молекуларна биологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез хармонија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање и нумеричка анализа на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Добра лабораториска пракса“ од проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Философија: византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот казнено процесно право“ од д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 61

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 64



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ФИЛОСОФИЈА“ ОД АВТОРОТ Д-Р ТРАЈЧЕ СТОЈАНОВ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08), Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на својата работна седница, одржана на 14.8.2013 година, донесе Одлука бр. 2102-225/21 за избор на Рецензентска комисија во состав проф. д-р Драгор Заревски и проф. д-р Снежана Јованова-Митковска за оцена на „Практикумот по филозофија“ од авторот д-р Трајче Стојанов.

Откако го прегледавме доставениот текст го изработивме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за „Практикумот по философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов се состои од 65 страници компјутерски изготвен текст. Ракописот претставува збирка од филозофски есеи: „За изворите на философијата“, „Философијата и педагогијата“, „Скица на еден нихилизам“, „Скица на една телеологија“, „Моралниот лик на наставникот - предуслов за квалитетно етичко образование“; „Да живее l’art pour l’art!“, „Платон наспроти Аристотел (основата на културните разлики во Европа)“, „За политичкото“, „За виртуелното“, „Тројца сурови реалисти: Кјеркегор, Ниче и Достоевски“, „Платон: Творештвото како акт на Еросот“, „Мементо на еден поет“. Наведените есеи кореспондираат со содржините на наставната програма на наставниот предмет Историја на философијата и на наставниот предмет Основи на философијата на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, при што се проблематизираат голем број значајни филозофски прашања од филозофските области: онтологија, гносеологија, антропологија, аксиологија, етика, естетика, филозофија на образованието и филозофија на техниката. На крајот од текстот е поместена библиографија која на студентите може да им послужи како дополнителна литература за збогатување и продлабочување на филозофските знаења.

Во првиот есеј „За изворите на философијата“ авторот го разработува прашањето за изворниот импулс на развитокот на комплексниот и исклучително софистицираиот облик на човековата мисла наречен филозофија.

Вториот есеј „Философијата и педагогијата“ е посветен на прашањето на суштествената поврзаност и комплементарност меѓу филозофијата и педагогијата, при што авторот истакнува дека секој сериозен, слоевит, разработен педагошки систем е втемелен врз соодветна филозофска концепција.

Третиот есеј „Скица на еден нихилизам“ претставува размисла за основите на знаењето и образованието, смислата на образованието и знаењето што претставува суштествено прашање на филозофската антропологија и на аксиологијата како филозофска дисциплина.

Во четвртиот есеј „Скица на една телеологија“ авторот го разработува проблемот на суштината на образование како фундаментална општествена дејност, при што посочува голем број отворени аксиолошки, етички, антрополошки и политиколошки прашања кои се однесуваат на дадената област.

Петтиот есеј „Моралниот лик на наставникот - предуслов за квалитетно етичко образование“ го обработува прашањето на непосредната поврзаност меѓу етиката, моралот и образованието.

Шестиот есеј „Да живее l’art pour l’art!“ претставува размисла за основните принципи на уметноста и на уметничкото творештво, при што авторот посочува спротивставени теоретски естетички погледи во однос на основната цел и суштината на уметноста.

Во седмиот есеј „Платон наспроти Аристотел (основата на културните разлики во Европа)“ авторот тргнува од тезата дека културните идентитети и духовноста, воопшто, се фундирани во длабочините на филозофското обмислување и осмислување на постојното,

при што презентирајќи ги базичните разлики во учењата на големите антички философи Платон и Аристотел, посочува дека поради големото влијание што наведените филозофи го имаат врз развитокот на западната цивилизација, цивилизацискиот од може да биде анализиран како овоплотување на дадените филозофски концепции, нивен судир, раскол, но и единство и меѓусебно дополнување и надградување.

Во осмиот есеј „За политичкото", авторот прави анализа на политичкото и политиката во најширок контекст, при што констатира дека политичкото може да биде погрешно третирано како утописко средство за решение на фундаменталните егзистенцијални дилеми, што претставува мешање на плановите и решавање на егзистенцијални прашања со политички средства.

Деветтиот есеј „За виртуелното" ги разработува проблемите од Интернет и виртуелниот простор, при што ги проблематизира честопати, погрешно интерпретираните концепции за „социјалните мрежи", „виртуелниот активизам" и сл., со што ги демистифицира овие поими и укажува на опасноста од наивното интерпретирање на истите кое доведува до исклучиво позитивно разбирање и прифаќање без да се води сметка за опасностите од сајбер-просторот: како што се отуѓувањето, осамата, виртуелноста-непостојноста на реална акција за промена и сл.

Во десеттиот есеј „Мементо на еден поет" авторот посочува низа исклучително значајни етички и естетички прашања кои кореспондираат со суштествените гносеолошки и онтолошки проблеми.

Есејот „Платон: Творештвото како акт на Еросот" е анализа на импликациите од најзначајното Платоново дело „Гозба", со што на студентите им се дава можност за увид во тоа како се прави обработка на филозофско дело и како се пишува филозофски есеј.

„Тројца сурови реалисти: Кјеркоегор, Ниче и Достоевски" е компаративна анализа на двајца значајни филозофи и еден книжевник, при што инзворедно суптилно е пронајдена заедничката црта на сите тројца.

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Ракописот практикум по филозофија од авторот д-р Трајче Стојанов претставува квалитетен труд, кој на студентите им посочува големи суштествени филозофски прашања кои кореспондираат со содржините на наставната програма на наставниот предмет Историја на филозофијата и на наставниот предмет Основи на филозофијата на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Овој труд ќе ги поттикне студентите да размислуваат и да ги продлабочат своите знаења во однос на базичните филозофски проблеми од филозофските области: онтологијата, гносеологија, антропологија, аксиологија, етика, естетика, филозофија на образованието и филозофија на техниката.

Стилот е јасен и овозможува текстот, поради својата слоевитост, да биде анализиран од поголем број филозофски аспекти.

Поаѓајќи од наведените констатации и оцени за квалитетот на трудот, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да одобри публикување на трудот „Практикум по философија" од авторот д-р Трајче Стојанов, во форма на универзитетски практиким по предметите Историја на филозофијата и Основи на филозофијата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Драгор Заревски, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, с.р.**